ESI
European Stability Initiative
BERLIN - BRUSSELS - ISTANBUL

**Европска иницијатива за стабилност**




Брисел/Истанбул, 1 Јуни 2009

**Балканот и белата Шенген листа – предлог за следните чекори**

Драги пријатели,

Во текот на следните недели и месеци, Европската комисија и земјите членки на ЕУ ќе одлучат кои држави од Западен Балкан се квалификувани за укинување на визниот режим. Со оваа одлука ЕУ би можела да го поврати својот кредибилитет и „политиката на мека сила“ *(soft power)* во регионот. На овој начин, би ги ставила во рамнотежа надежите на луѓето од Балканот со интересите на одговорните за заштита на Шенгенското подрачје од илегални миграции и организиран криминал.

Од една страна, владите и граѓаните на државите од Западен Балкан имаат големи очекувања. Визниот режим е извор на фрустрации и покренува дилеми, дали Европската перспектива за Западен Балкан е реална. Сепак, сега се појави нов ентузијазам и нова надеж.

Од другата страна, владите на ЕУ потенцираа дека е клучно да ги убедат скепичните граѓани на ЕУ, дека водат фер и строга политика кога се работи за укинувањто на визниот режим кон Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија, врз основа на условите наведени во Патоказите за визна либерализација, издадени минатата година.

Врз основа на досега постигнатото (забрзување на реформските процеси во Западен Балкан, бројните посети на регионот од ЕУ експертите и деталните анализи за напредокот сработени од Европска комисија), може да се заклучи дека истовремено може да се аплицираат строги, а сепак фер услови.

За разгледување нудиме неколку решенија:

## Македонија

Оценките на Комисијата и на експертите не оставаат простор за дилема дека Македонија заслужи визна либерализација во најбрз можен рок, т.е. најкасно од Јануари 2010. Таквата одлука би испратила силен сигнал во регионот, дека принципот на условеност (*conditionality*) е сериозно сфатен од страна на ЕУ и дека спороведувањето на реформите е исплатливо.

Без оглед на изборите за Европскиот парламент и на формирањето на новиот состав на Европска комисија во ноември , ЕУ институциите мора да се потрудат, измената на Регулатива од Советот 539/2001, да се случи брзо.

За македонските граѓани да може да патуват без визи од следниот јануари, Комисијата треба да го подготви предлогот во текот следните недели. Понатаму, новиот Европскиот парламент по летните одмори, треба оваа прашање да го третира како приоритет, што би овозможило Советот да го изгласа наесен.

## Црна Гора и Србија

Црна Гора и Србија треба да исполнат уште неколку услови. Меѓутоа, според Комисијата, дури во подрачјата, каде двете држави не постигнеле целосна имплементација, „голем дел“ или „повеќето бенчмаркови“ се исполнети.

Имајки во предвид дека Советот ќе гласа за безвизно патување најрано во рок од пет месеци (на Советот на ЕУ за правосудство и внатрешни работи на 23 Октомври), а поверојатно е покасно (на последниот Совет на ЕУ за правосудство и внатрешни работи во 2009, на 30 новеври/1 декември), препорачливо е Комисијата да ги вклучи и Црна Гора и Србија во предлогот за безвизен режим, но притоа да ги услови со продолжување на реформите.

Следните пет месеци се доволни да се процени, дали двете држави сериозно пристапиле кон исполнувањето на останатите реформи. Во случај на дополнителни сомнежи, Советот може да и предложи на Комисијата да спроведе финално оценување пред гласањето.

## Косово

Комисијата и земјите членки морат да се воздржат од барања Србија да оневозможи граѓаните на Косово да стекнуват српски пасоши. Еден од услови во Патоказот за Србија јасно наведува дека:

*„Србија мора да обезбеди целосен и ефективен пристап до патни и лични документи на сите граѓани Србије вклучително жени, деца, луѓе со посебни потреби , претставници на малцинства и на други ранливи групи.„*

Се додека владата на Србија тврди, и некои земји членки на ЕУ прифаќат дека Косоварите се српски граѓани (без оглед на етничка припадност), било каква отворена или скриена дискриминација ќе биде кршење на принципот на не-дискриминација.

ЕУ оправдано бара безбедност во процесот, особено во однос на граѓанските регистри и личните документи (*breeder documents*). Меѓутоа, Србија не смее овој процес да го направи дискриминаторен. Се додека ЕУ не понуди Патоказ за визна либерализација за Косово, или некој друг процес кој ќе води до безвизен режим, имплицира дека Косоварите се српски граѓани. Тоа значи дека Косоварите имаат право на српските патни и лични документи.

**Албанија и Босна и Херцеговина**

Албанија и Босна и Херцеговина имаат многу работа, пред да се квалификуват за безвизно патување. Строгоста, исто како и фер пристапот се основи за успех на овој процес. Стратешкото прашање сега е, како да се осугура дека двете држави ќе ги спроведат веќе спроведени реформи во Македонија, Србија и Црна Гора.

Исклучување на овие две земји од процесот, би било контрапродуктивно. Ставањето на Босна во позиција на набљудувач, додека Србија напредува, може да доведе до дестаблизација на Босна- мнозинството од босански Хрвати користат хрватски пасош, што им овозможува безвизно патување, додека непознат е бројот на босански Срби кои се стекнале или се во процедура за стекнување на српско државјанство и српски пасош. На тој начин, Бошњаците би биле единствената заедница на која и треба виза. И на новата влада на Албанија, која ќе стапи во функција по јунските изборите, и треба конкретна перспектива. Поради овие причини би било добро да се понуди нова временска рамка на Босна и на Албанија.

Најдобрата опција е и овие две држави да се вклучат во предлогот за измена на Регулатива 539/2001, односно да бидат поместени на „белата“ Шенген листа – при што да биде назначено дека безвизниот режим за Албанија и Босна нема да се аплицира се додека не се исполнети сите условите. Предлогот би требало да вклучи и конкретен датум за спроведување на ново оценување од страната на Европската комисија и ЕУ националните експерти во почеток на 2010.

Во исто време Советот треба да продолжи да испраќа јасни пораки дека ќе одлучува врз основа на технички, а не политички критериуми, и дека во процесот нема место за дискриминација и заобиколувања.

Очигледно е дека јасно дефинираните услови поттикнаа реформи низ целиот регион, што придонесе за побезбеден регион и побезбедна ЕУ. Одлука на Советот, која ги вклучува сите пет држави – земајќи го во предвид нивниот досегашен напредок - осигурува процесот да продолжи.

ЕСИ се заблагодарува на Robert Bosch Stiftung за подршката за “ESI Schengen White List Project”.

Срдечен поздрав,

Gerald Knaus,
Претседател на ЕСИ

Alexandra Stiglmayer,
Директор на ЕСИ проектот „Бела Шенген листа“

**Дополнителни информации за ЕСИ проектот „Бела шенген листа“ (на англиски јазик):**

- About the Schengen White List Project
- Strict but fair – The Declaration
- Stories from the Balkan ghetto
- The road to visa-free travel
- The visa facilitation and readmission agreements
- The visa roadmaps
- Visa roadmap A to Z (glossary)
- The readiness reports
- Assessments by the European Commission
- EU timetable
- Letters from EU foreign ministers
- Excerpts from EU policy documents
- Chronology
- Interviews
- Media reactions
- Recommended reading and watching

**Реакции:**
Како и секогаш, ги очекуваме вашите коментари и реакции. Ве молиме, да ги испратите на a.stiglmayer@esiweb.org.

**Контакт:**

European Stability Initiative (ESI)
Grossbeerenstrasse 83
10963 Berlin
Deutschland
Тел: +49 30 53214455
Факс: +49 30 53214457
Email: info@esiweb.org
Интернет страна: www.esiweb.org

© European Stability Initiative (ESI)